D-r JOSIP KOROŠEC, *Nekoliko pitanja oko Hekropole u Trebeništu.* Glasnik Zemaljskog muzeja u Sarajevu. Nova serija sv. VIII (1953), str. 91—101, rez. fran.

Многуте нерешени прашања околу некрополата во Требениште не престанаа да го обрнуваат вниманието на археолозите. Во зависност од најдените материјали различно се протолкуваа и претпоставуваа ред проблеми сврзани со некрополата во Требниште. Во својата студија Ј. Корошец ги анализира досегашните проучувања на некрополата во Требениште и го определува и своето мислење по ред прашања.

Споредувајќи ги извештаите на Филов и Вулиќ, Корошец доаѓа до сосема различно мислење по однос на трите групи гробови, кои биле меѓусебно теренски потполно одделни едни од други. Гробовите биле вкопани в земја и тоа во разна длабочина и од разна величина, а исто така биле и необѕидани. По погребувањето на покојниот или на гола земја или на подиум направен од камења, гробот се затрупувал со поголеми камења. Местото на самиот закоп не било секогаш во средината на гробницата, туку поместувано час на една, час на друга страна. По прашањето за останатите од јагленисано дрво, Корошец претпоставува како многу веројатно дека самиот гроб бил заедно со прилозите покриен со штици или греди или пак дека била покриена и целата гробница. По однос на третата група гробови, авторот констатира, дека нивниот облик ни малку не се разликува од првите две групи, осем во тоа што биле во поглед на прилозите поскромни и посиромашни (затоа и биле неречени „сиромашни"). По авторот, гробовите од сите три групи чинат органска целина како во етнички, така и во временски поглед.

Во понатамошното свое изложување авторот се задржува на прашањето: дали во некрополата биле погребени спалени или неспалени покојници и дали се истите погребувани во двоен вид. Тој проблем го допирнувал Вулиќ, тврдејќи, дека покојниците биле погребувани по спалувањето. Ј. Корошец го отфрлува тоа тврдење на Вулиќ како неосновано, со мотивација дека би можело да се работи за деломично спалување. Тоа тврдење го поткрепува и со најдените предмети од материјалната култура. Авторот забележува, дека покојните се погребувале неспалувани, а прилозите биле сосема различно распоредувани или околу самиот покојник или на едно определено место.

Ј. Корошец ја отфрлува како неверодостојна и хипотезата на Васиќ, дека биле во одделните гробови погребени и коњаници. За поставка Васиќ ги зел неколкуте најдени предмети кои според него ги носеле само коњаниците. За поткрепа на своето тврдење се послужил и со грчките извори. Меѓутоа, неговата претпоставка не е достатачно поткрепена, бидејќи при подоцнешното ископување (1930—1934) не се најдени слични материјали, кои би зборувале за Васиќевото тврдење.

Посебен значаен проблем настанал во врска со етничката припадност на гробовите во Требениште. Не би можело да се прими гледиштето на авторот, дека тоа прашање „веќе готово е решено" и дека тука имаме „работа со импорт од грчките земји или, како што некои мислат, од Јужна Италија". Филов најдените предмети од првите седум гроба во однос на техничката преработка ги поделил на грчка работа, на грчко-варварска работа и на илирска. Трухелка сметал, дека тие предмети се од илирско потекло или се од домашна изработка по страни узори. Вулиќ предметите ги дели на две групи: предмети изработени во потполн грчки стил и предмети од лоша изработка со геометриски орнаменти. Во понатамошното изложување Ј. Корошец се оградува од своето обопштено тврдење со тоа што тврди, дека предметите од илирско потекло се незнатни во првите две групи, додека за третата група вели, дека „се само предмети кои биле изработени дома". Многубројни предмети од илирско по-

текло биле најдени во третата група гробови. Инвентарот на тие гробови бил сосема соодветен на бројните илирски гробови на Балканскиот Полуостров.

Интересен е и проблемот: кој бил погребен во овие гробови? Филов мислел, дека се грчки наемници во служба на некој домашен кнез. Вулиќ ги припишувал на домашното население. Васиќ претпоставувал, дека биле погребени елинизирани Илири или Македонци. Фабрициус сметал, дека во областа на Требениште живееле Грци уште во микенското време и дека тие таму биле погребени. Керамопулос тврдел, дека во Требениште биле погребени некои членови од македонската династија. Чајкановиќ по начинот на погребувањето и по најдените предмети претпоставувал, дека биле галски. Гарашанин тврдел, дека гробовите во Требениште се илирски. Корошец не го порекнува фактот, дека има во Требениште гробови од домашното население. Но, авторот разликува чисти гробови со прилози од домашна изработка и гробови со скромен домашен инвентар а со изобилен грчки импорт. Авторот се присоединува кон мислењето, дека во овие гробови биле погребени Илири. Според него, Грците или Македонците не доаѓаат во обѕир, а уште помалку хипотезата на Чајкановиќ.

Ј. Корошец го поставува и прашањето: за кои предмети може да се тврди дека се импорт, а кои биле од домашна изработка? Исто така дали овие предмети биле изработувани во некоја друга земја или на самиот терен и кој ги изработувал овие предмети за потребите на домашното население? Според авторот, тоа би се решило по пат на детална анализа на оригиналите, со нивно споредување и аналогизирање и земање во обѕир на останатите елементи.

Авторот го додирнува и прашањето за датацијата на наодите во Требениште. Васиќ ги датира не сосема прецизно пред четвртиот век. Другите се сложуваат со поставувањето на предметите во шести век. Ј. Корошец категорички ја отфрлува датацијата на Чајкановиќ за во првата половина на трети век. Авторот се присоединува кон мислењето, дека дел од објектите како по облик, така и по стилски особини, можат да припаднат кон шести век, но меѓу нив има и предмети кои се несомнено помлади. При тоа, Корошец, го потенцира како правилно гледиштето на Гарашанин кој ги поставува гробовите во време помеѓу петти и четврти век. Авторот не ја исклучува можноста и за двојна датација, базирајќи се на тоа, дека имаме два вида гробови: „сиромашните“ ги смета за постари и дека предметите се од халштатскиот период, а останатите дека се помлади.

Авторот во оваа своја студија третира ред интересантни прашања сврзани околу проблематиката на некрополата во Требениште. Тој ги анализира различните мислења и по објавените материјали го определува својот став за одредени нерешени прашања. Служејќи се со наспоредна аргументација авторот доаѓа, по некои прашања, до ред правилни заклучоци. Меѓутоа, по ред прашања не може да се огради од алтернативноста и од неизјаснетоста до крај на поставената поставка. Авторот во почетокот забележува, дека дури од 1930—34 година се започнало со научното истражување на Требениште. Меѓутоа, потребно е да се наспомне, дека многу од порано располагаме со сериозни публикации за Требениште (Филов, Керамопулос и други), за чии метод на истражување секако не е потребно да се зборува.

Авторот се ползува и ја цитира само поважната литература за Требениште. Меѓутоа, пропуштени се ред работи, кои не би требале да бидат пропуштени при една ваква студија за Требениште. Така напр. авторот пропуштил да цитира ред трудови од Филов (објавени во: Българска мисъл II/10 (1927); Известия на българ. археолог. институт VII (1938), VIII (1934), од Грбиќ (во Гласник Скоп. научног друштва III/1 (1927), од Вулиќ (во Летопис Матице Српске CVII/135; Jahreshefte des öster. arch. Instituts XXVII (1931); XXVIII (1933); Archäolog. Anzeiger

(1933); Revue Archéologique VI (1934); Revue internationale des études balkaniques I (1934), од Прашникар (Jahreshefte des öster. arch. Instituts XXVII (1931) и од други.

Студијата на Корошец доаѓа да потполни една осетна празнина околу проблематиката на некрополата во Требениште. Неговата студија претставува извесен чекор напред од досегашните проучувања на некрополата во Требениште. Најновите раскопки, што се вршеа во 1953 година во Требениште, ќе фрлат секако нова светлина врз проблематиката на некрополата во Требениште.

*Х. Г. Андоновски—Полјански, Скопје.*

V. EHRENBERG: *Sophocles and Pericles.* Oxford. B. Blackwell. 1954. Стр. 187. in 8°.

V. Ehrenberg познати прашки историчар антике издао је у Енглеској, за последњих десетак година, две књиге у којима обрађује атичку историју V. века пре н. е. Његова књига People of Aristophanes објављена 1943 год. даје анализу и приказ атичког друштва крајем V. века кроз историски материјал Старе атичке комедије. Методолошки књига поставља као проблем однос комедије и историје. Нова књига V. Ehrenberg-a: Sophocles and Pericles која је изашла почетком 1954 год. резултат је истог научног метода. У њој писац покушава да постави однос између трагедије и историје, т. ј. да реконструише историску позадину Перикловог доба кроз анализу Софоклових трагедија. Тачније, његов непосредњи циљ састоји се у томе да, ослањајући се углавном на податке из неких Софоклових трагедија, пронађе историске чињенице релевантне за однос Софоклов према Периклу. Јер, по мишљењу аутора, у односу ова два најизразитија претставника Перикловог доба персонифициран је сукоб два опречна философска погледа на свет, који је био од битног значаја за даљу историју Атине, тако да успостављање праве историске везе између Софокла и Перикла истовремено осветљава и интелектуалну проблематику овога доба.

Коришћење Софокловог књижевног дела за исправку и допуну традиционалних историских извора доследно је спровођење истог оног метода којим се аутор послужио у својој ранијој књизи о Аристофановој комедији. Насупрот схватању да је Софокле — у поређењу са Есхилом и Еурипидом — био претставник чисте уметности, „драматичар који је своје драме правио из непроменљивих елемената људског живота", све више преовлађује историски аспект у анализи Софокловог књижевног дела. Као историчар по струци Ehrenberg је у своме историзму отишао знатно даље од већине класичних филолога. Тако на пр. Bowra (Sophoclean Tragedy 1944) иако претставник извесног умереног историзма у својој анализи Софоклових трагедија изричито искључује могућност „директних Софоклових алузија на догађаје свога времена". Ни највећа генијалност, подвлачи он, не би нас могла уверити да је Софоклов Едип моделисан према Периклу. Међутим, баш ову немогућност узима V. Ehrenberg као средишну тачку своје хипотезе која поставља директну паралелу између Софоклових митских јунака Креонта и Едипа с једне и историске личности Перикла с друге стране.

Научна хипотеза коју је Ehrenberg смело поставио уско је везана за специфичност његовог историског метода, т. ј. његовог става према трагедији као историском извору. И поред тога што однос између Атичке трагедије није тако директан као однос између комедије и историје, јер комедија обилује чињеницама дневног друштвеног и политичког живота, а трагедија највише ако алудира на те догађаје, ипак је аутор како се чини савладао ову тешкоћу. Јер метод његовог историског посматрања у крајњој линији је психолошки (v. People of Aristophanes стр. 5). Посматрана историска факта одражавају се у свести